Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 јуни 2023 година

Скопје, јуни 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јуни 2023 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, како и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 159-та седница на Владата, одржана на 8 јуни 2023 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, претставувана од Владата на Република Северна Македонија и Република Србија, претставувана од Владата на Република Србија за ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка Северна Македонија - Србија 2021-2027 година, усвоена со Одлука на Европската комисија Ц(2022) 3739 од 3.6.2022 година

  - Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 14 Транспортна политика и 21 Трансевропски мрежи, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, од 26 до 29 јуни 2023 година, во Брисел, со прилози

  - Ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија, со прилози

1. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година

2. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје)

3. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје (еден сет за видеоинтубација) и Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово (два сета за видеоинтубација)

4. Предлог - одлука за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница, Велес)

5. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основно јавно обвинителство, Прилеп)

6. Информација за потребата за подобрување на спроведливоста на Договорот за јавно приватно партнерство (ЈПП) во Технолошко - индустриска развојна зона во Тетово, под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година, со предлог-текст на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договорот

7. Информација и Мислење од Националниот совет за медијација, со Финансиски план за четвртиот квартал на 2022 година и за 2023 година на Националниот совет за медијација

8. Деловник за начинот на вршење на работите на Националниот совет за медијација, со Предлог - одлука

9. Правилник за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација, со Предлог - одлука

10. Правилник за формата и содржината на лиценцата за медијатор, со Предлог - одлука

11. Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, со прилози и Предлог - одлука

12. Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори, со Предлог - одлука

13. Информација за отпочната постапка за формирање на одбор за разрешување на спорови - ДАБ за проектот - Изградба на Автопат Кичево - Охрид

14. Информација за реализација на проектот „50 села, 50 приказни“

15. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

16. Предлог - одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за стоковни резерви

17. Информација за Анекс 1 на Договорот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди

18. Информација за одобрување на склучување Анекс 1 на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди

19. Информација за одобрување на склучување Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на пливачки базени во општините Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Кичево, поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на Договорот

20. Информација за дообезбедување средства за изградба на 3 пливачки базени

21. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Крива Паланка)

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка

23. Извештај за извршени преговори за усогласениот текст на Меморандумот за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, со усогласен текст на Меморандум

24. Годишен извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022 - 2026 година и Акциски план за 2022 година, со Акциски план за 2023 година

25. Информација за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог - одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување на атмосферската канализациона мрежа со проектираниот отворен канал надвор од зона (дел од крак 1 и крак 4) за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп, со Предлог - одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пешачка патека до Детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци, со Предлог - одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за формирање на градежни парцели со намена А1 - домување во станбени куќи, КО Нижеполе, Општина Битола, со Предлог - одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување, КО Чалошево, Општина Велес, со Предлог - одлука

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТПТУ Јо - Го Транспорт ДОО увоз - извоз Кавадарци, со Предлог - одлука

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Реџеп Аземовиќ, ул. „Мара Минанева“, бр.65, Струмица, со Предлог - одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мухамет Селимовиќ, ул. „Мара Минанева“, бр.23, Струмица, со Предлог - одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андријана Петрова с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог - одлука

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Перо Николов, ул.„Кирил и Методиј“, бр.10, Кавадарци, со Предлог - одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Анастасов, ул.„Климентова“, бр.6, Неготино, со Предлог - одлука

36. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558“ бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог - одлука

37. Информација во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2023 година, со Стратегиски план за маркетинг за аеродромите во Скопје и Охрид

38. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – туларска глина на локалитетот „Жилавица“, с.Пчиња, Општина Куманово, со предлог – одлуки

39. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Тиса Баир“, Општина Штип, со предлог – одлуки

40. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Богословец“, Општина Штип и Општина Свети Николе, со предлог – одлуки

41. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп, со Предлог - решение

42. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“, с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог - одлука

43. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз - извоз Прилеп на локалитетот „Лозјанска Река“ во атарот на с.Крушеица, Општина Прилеп

44. Информација во врска со барањето на концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Мраморечка со реф.бр. 394

45. Информација за елаборати со податоци од техничко набљудување на браните управувани од страна на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“ Скопје, за последните пет години, со Извештај за работењето на Комисијата за брани во периодот 2012 - 2022 година

46. Информација во врска со потребата од донесување на национална проценка на закани од тероризам

47. Информација за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Радика превози ДОО Љубљана против Северна Македонија А.бр.52003/18, со Предлог - одлука

48. Информација за потребата од корекција на износот за спогодбено решавање на предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и 5 други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и 6 други апликации против Северна Македонија по барање на Европскиот суд за човекови права, со прилози

49. Информација за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство

50. Информација за потребата за изработка на национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка

51. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.6271, КО Охрид 4)

52. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија

53. Предлог - одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје во студиската учебна 2023/2024 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

54. Информација за усвојување на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација 2023 - 2025 година „Тимјаник", со Акциски план

55. Информација за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата за безбедност и здравје во градежништвото (Конвенција бр.167) и Конвенцијата за безбедност и здравје во рудниците (Конвенција бр.176), со предлог - одлуки

56. Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје

57. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратениците Моника Зајкова и Боби Мојсоски

58. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

59. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2022 година

60. Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2022 година

61. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.2410/19, за Заклучок за прва усна јавна продажба и Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65 за КО Шивец, Имотен лист бр.691 за КО Шивец и Имотен лист бр.4 за КО Дреново

62. Кадровски прашања

63. Прашања и предлози

64. Годишен извештај за 2022 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

65. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2022 година на ТАВ Македонија и Сертификат за годишен надоместок за концесија

66. Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 - 2023 година, со Акциски план

67. Извештај за реализираните активности во 2022 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021 - 2022 година

68. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2022 година

69. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје за период од 1 јануари до 31 март 2023 година

70. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт А.Д. – Скопје, за периодот 1 октомври – 31 декември 2022 година, со прилози

71. Информација во врска со Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.10.2022 година до 31.12.2022 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје под бр.02-2351/12 од 11.4.2023 година

72. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје

73. Информација за одбележување на Шеесеттата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26.7.1963 – 26.7.2023), со Предлог - програма

74. Информација за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство

75. Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион" и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион"

76. Информација од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници по повод поведена арбитражна постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH

77. Информација во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, со предлог - решение (проект) за завршување на објектот, изготвен од страна на изведувачот, со прилози

78. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 19 јуни 2023 година со Записник од Петтата седница на Групата за процена, одржана на 15 јуни 2023 година, со Предлог - одлука

79. Информација за постапките за вработување

80. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози

81. Информација со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година, со Предлог-одлука

82. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“–Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2023/2024 година, со прилози

83. Предлог - одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година

84. Информација за исплата на пензии за јуни 2023 година

85. Информација за потребата од продолжување на датумот за затворање на Проектот за надградба и развој на патиштата, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка

86. Предлог - програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година

87. Информација за добивање согласност за превод на Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требениште - Струга - Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп - Битола

88. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација, Скопје

89. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги МБ Биоцентрум ДООЕЛ - Скопје, со Предлог - одлука

90. Информација за донесено Решение за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз-извоз ДОО, с. Сопот, Кавадарци, со предлог - одлуки

91. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО - Кочани, со Предлог - одлука

92. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Агропролифе ДОО - Струмица, со Предлог – одлука

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 159-та седница на Владата, одржана на 8 јуни 2023 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

    - Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, претставувана од Владата на Република Северна Македонија и Република Србија, претставувана од Владата на Република Србија за ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка Северна Македонија – Србија 2021-2027 година - усвоена со Одлука на Европската комисија Ц(2022) 3739 од 3.6.2022 година

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, претставувана од Владата на Република Северна Македонија и Република Србија, претставувана од Владата на Република Србија за ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка Северна Македонија - Србија 2021 - 2027 година усвоена со Одлука на Европската комисија Ц(2022) 3739 од 3.6.2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, претставувана од Владата на Република Северна Македонија и Република Србија, претставувана од Владата на Република Србија за ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка Северна Македонија - Србија 2021-2027 година усвоена со Одлука на Европската комисија Ц(2022) 3739 од 3.6.2022 година.

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, претставувана од Владата на Република Северна Македонија и Република Србија, претставувана од Владата на Република Србија за ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка Северна Македонија - Србија 2021 - 2027 година усвоена со Одлука на Европската комисија Ц(2022) 3739 од 3.6.2022 година.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за Програмата за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија 2021 - 2027 - C(2022) 3739, во рамки на ИПА III, во рамки на максимално утврдените лимити на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 14 Транспортна политика и 21 Трансевропски мрежи, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, од 26 до 29 јуни 2023 година, во Брисел, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 14 Транспортна политика и 21 Трансевропски мрежи, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, од 26 до 29 јуни 2023 година, во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 14 Транспортна политика и 21 Трансевропски мрежи на настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да подготви позиција по однос на плановите за либерализација на железничкиот сообраќај и да ја достави до Владата и Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 23 јуни 2023 година.

- Ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија, со прилози

Владата го разгледа Ажурираниот придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија, со прилози и го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави одговори на дополнителните прашања за Поглавје 19, согласно Прашалникот од Европската комисија до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 јуни 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за култура да достави одговори на дополнителните прашања за Поглавје 26, согласно Прашалникот од Европската комисија до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 јуни 2023 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави Ажурираниот придонес на Република Северна Македонија на англиски јазик до Европската комисија, најдоцна до 21 јуни 2023 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје).

**Точка 3**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје (еден сет за видеоинтубација).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово (два сета за видеоинтубација).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница, Велес).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основно јавно обвинителство, Прилеп).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за подобрување на спроведливоста на Договорот за јавно приватно партнерство (ЈПП) во Технолошко - индустриска развојна зона во Тетово, под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година, со предлог - текст на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на предлог-текстот на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договорот за јавно приватно партнерство, заверен под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година кај нотар Весна Масларовиќ Костовска од Тетово.

2. Се задолжува директорот на Дирекцијата за технолошки - индустриски развојни зони да го потпише текстот на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договорот за јавно приватно партнерство, заверен под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година кај нотар Весна Масларовиќ Костовска од Тетово.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата по однос на Анексот бр. 1 за измени и дополнување на Договорот за јавно приватно партнерство, изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата и Мислењето од Националниот совет за медијација, со Финансиски план за четвртиот квартал на 2022 година и за 2023 година на Националниот совет за медијација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена од донесувањето на првата одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници да префрли средства на Министерството за правда - за Национален совет за медијација, во вкупен износ од 1.644.750,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена да отвори потпрограма и да направи пренамена на средствата за Националниот совет за медијација за две расходни позиции во вкупен износ од 868.000,00 денари.

3. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена да обезбеди простор - канцеларија за Националниот совет за медијација со цел непречено функционирање на Советот.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства за функционирање на Националниот совет за медијација да се обезбедат во рамки на Буџетот на надлежната институција.

**Точка 8**

Владата по Деловникот за начинот на вршење на работите на Националниот совет за медијација, со Предлог - одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Деловникот за начинот на вршење на работите на Националниот совет за медијација.

**Точка 9**

Владата го разгледа Правилникот за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација.

**Точка 10**

Владата по Правилникот за формата и содржината на лиценцата за медијатор ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за формата и содржината на лиценцата за медијатор.

**Точка 11**

Владата по Правилникот за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, со прилози и Предлог - одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите.

**Точка 12**

Владата по Тарифникот за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочната постапка за формирање на одбор за разрешување на спорови - ДАБ за проектот - Изградба на Автопат Кичево – Охрид, ја усвои Информацијата и ги задолжи директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и министерот за транспорт и врски, во име на инвеститорот да дадат согласност за формирање на одбор за разрешување на спорови - ДАБ за проектот -Изградба на Автопат Кичево-Охрид, кој би го сочинувале г.Роберт Еванс (претседател), г.Џон Белхаус (член) и г.Бернд Ехле (член).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „50 села, 50 приказни", ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции да формира работна група составена од претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Заедницата на единици на локалната самоуправа, која ќе подготви предлог-проект со финансиски план и акциски план со конкретни активности и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 1 септември 2023 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за стоковни резерви.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за Анекс 1 на Договорот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Одобри промена на динамика на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс 1 на Договорот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да пристапи кон склучување Анекс 1 на Договорот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во Анекс 1 на Договорот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, да предвиди плаќање согласно следнава динамика:

- 2023 година 27.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2024 година 26.600.756,00 денари со вклучен ДДВ,

односно до реално утврдени количини, согласно доставена завршна ситуација, но не повеќе од 98.944.494,00 денари со вклучен ДДВ.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт средствата да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2024 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс 1 на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува промена на динамика на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс 1 на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да пристапи кон склучување Анекс 1 на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во Анекс 1 на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди да предвиди плаќање согласно следнава динамика:

- 20.000.000,00 денари со вклучен ДДВ за 2023 година и
- 31.365.710,00 денари со вклучен ДДВ за 2024 година,

односно до реално утврдени количини, согласно доставена завршна ситуација, но не повеќе од 78.065.710,00 денари со вклучен ДДВ.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт потребните средства за 2024 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за истата година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на пливачки базени во општините Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Кичево, поради околности кои догоговорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на пливачки базени во општините Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Кичево, поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на Договорот.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да пристапи кон склучување Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на пливачки базени во општините Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Кичево, поради околности кои догоговорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на Договорот.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во Анексот на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на пливачки базени во општините Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Кичево, поради околности кои догоговорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на Договорот, да предвиди плаќање согласно следнава динамика:

- 6.600.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за 2023 година;
- 113.400.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за 2024 година и
- 66.664.145,00 денари, со вклучен ДДВ, за 2025 година,

односно до реално утврдени количини, согласно доставена завршна ситуација, но не повеќе од 239.960.725,00 денари, со вклучен ДДВ.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за 2024 и 2025 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за дообезбедување средства за изградба на 3 пливачки базени и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се предвидува следнава динамика на плаќање по години:

- до 49.900.000,00 денари во 2023 година, со вклучен ДДВ и
- до 100.914.217,00 денари во 2024 година, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт дополнителните средства во висина од 814.217,00 денари, без вклучен ДДВ да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2024 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Крива Паланка).

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Светланка Поповска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 23**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Меморандумот за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, со усогласен текст на Меморандум и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Република Северна Македонија и Република Србија.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Република Северна Македонија и Република Србија.

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022 - 2026 година и Акцискиот план за 2022 година, со Акциски план за 2023 година и притоа заклучи:

1. Го прифати Годишниот извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022 - 2026 година и Акцискиот план за 2022 година.

2. Го прифати Акцискиот план за 2023 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022 - 2026 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување на атмосферската канализациона мрежа со проектираниот отворен канал надвор од зона (дел од крак 1 и крак 4) за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување на атмосферската канализациона мрежа со проектираниот отворен канал надвор од зона (дел од крак 1 и крак 4) за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пешачка патека до Детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште,

Општина Кавадарци со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пешачка патека до Детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци, со заклучок предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи, КО Нижеполе, Општина Битола, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за формирање на градежни парцели со намена А1 - домување во станбени куќи, КО Нижеполе, Општина Битола.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Чалошево, Општина Велес, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување, КО Чалошево, Општина Велес.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТПТУ Јо-Го Транспорт ДОО увоз-извоз Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Реџеп Аземовиќ, ул. „Мара Минанева“, бр.65, Струмица, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мухамет Селимовиќ, ул. „Мара Минанева“, бр.23, Струмица, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андријана Петрова с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Перо Николов, ул.„Кирил и Методиј“, бр.10, Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Анастасов, ул. „Климентова“ бр.6, Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558“, бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2023 година, со Стратегиски план за маркетинг за аеродромите во Скопје и Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри ревидираниот Стратегиски план за маркетинг за аеродромите во Скопје и Охрид на ТАВ Македонија за 2023 година.

2. Го задолжи Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот Стратегиски план за маркетинг за аеродромите во Скопје и Охрид на ТАВ Македонија за 2023 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – туларска глина на локалитетот „Жилавица“, с.Пчиња, Општина Куманово, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Тиса Баир“, Општина Штип, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини на локалитетот „Богословец“, Општина Штип и Општина Свети Николе, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– кварц на локалитетот „Марул“, Општина Прилеп.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“, с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“, с.Бешиште, Општина Прилеп.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Лозјанска Река“ во атарот на с.Крушеица, Општина Прилеп.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Мраморечка со реф.бр. 394 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394, бр.11-2779/1 од 27.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.6.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394, најмалку до 4.8.2025 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за елаборати со податоци од техничко набљудување на браните управувани од страна на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“ Скопје, за последните пет години, со Извештај за работењето на Комисијата за брани во периодот 2012 - 2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“ Скопје, до крајот на 2023 година да ги изработи елаборатите со податоци од техничко набљудување на браните со кои управува и да ги достават до Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на национална проценка на закани од тероризам и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање и Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, во рок од пет дена до националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам да достават номинации на двајца претставници од своите институции, од кои еден претставник од аналитичките организациски единици и еден претставник од оперативните организациски единици.

2. Се задолжува националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите од институциите од точка 1 од овој извадок, до Владата да достави предлог-одлука за формирање на меѓуинституционална работна група за изготвување на национална проценка на закани од тероризам.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Радика превози ДОО Љубљана против Северна Македонија А.бр. 52003/18, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (финансиски средства во вкупен износ од 850 евра во денарска противвредност).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од корекција на износот за спогодбено решавање на предметите Илијевска и други А.бр. 55173/20 и 5 други апликации и Стојановски А.бр. 7508/20 и 6 други апликации против Северна Македонија по барање на Европскиот суд за човекови права, со прилози, ја усвои Информацијата и го овласти владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот А. бр. 21902/21, да прифати дека на апликантот Милан Цветанов ќе му исплати износ од 1.250 евра согласно условите предвидени во коригираната декларација доставена од страна на Европскиот суд за човекови права.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 49**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за изработка на национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности во домен на геопросторна поддршка и геопросторни податоци и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи во домен на метеоролошка поддршка и метеоролошки податоци, да изработи национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка и истата да ја достави до Владата до 15 декември 2023 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.6271, КО Охрид 4).

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје во студиската учебна 2023/2024 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за одбрана да ги обезбеди потребните средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација 2023 - 2025 година „Тимјаник“, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“, Акциски план за деинституционализација, 2023 – 2025 година.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата за безбедност и здравје во градежништвото (Конвенција бр.167) и Конвенцијата за безбедност и здравје во рудниците (Конвенција бр.176), со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата (C 167) за безбедност и здравје во градежништвото.

2. Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата (C 176) за безбедност и здравје во рудниците.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратениците Моника Зајкова и Боби Мојсоски и притоа го утврди следното мислење:

Изминатите неколку години во рамките на Министерството за правда интензивно се работи на изготвување на нов кривичен законик кој ќе биде целосно усогласен со меѓународните стандарди во казнено - правната област.

Во овој процес посебно внимание се посветува и на одредбите кои што се однесуваат на застарувањето, а кои се предмет на уредување во доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Изготвувањето на новиот кривичен законик е во завршна фаза и во последната работна верзија се вградени и доставените забелешки, мислења и сугестии од релевантните институции. Следен чекор ќе биде преведување на работната верзија на новиот кривичен законик и доставување до Европската комисија за давање на мислење. При изготвувањето на новиот кривичен законик посебно внимание беше посветено на вградувањето на сите меѓународни стандарди, а беа консултирани и бројни компаративни искуства од кривични законодавства на држави, слични со нашиот кривично-правен систем.

Заради обезбедување на вклученост на сите надлежни институции и вградување на мислењата од меѓународните организации, се смета дека прашањето за застареноста соодветно би требало да биде решено во новиот кривичен законик, а не во парцијални измени кои го тангираат ова прашање.

Оттука, од Судскиот совет на Република Северна Македонија се обезбедени статистички податоци за бројот на застарени кривични дела, меѓу кои и за Глава 30 на Кривичниот законик – „Кривични дела против службената должност", од сите судови во Република Северна Македонија за временскиот период од 2020 година до 2022 година. Добиените статистички податоци укажуваат дека за овој временски период, за кривичното дело од членот 353 имаме 4 кривични дела за кои настапила застареност, две за кривичното дело од членот 353-в и едно за кривичното дело од членот 361 од Кривичниот законик, што индицира дека во практиката постои многу мал број на кривични дела од Глава 30 на Кривичниот законик кои застаруваат.

Ова е особено важно бидејќи за донесување на вакви законски измени неопходна е и анализа на досегашната примена на Кривичниот законик, меѓународните стандарди, како и компаративните искуства.

Исто така, се укажува на неусогласеноста на членот 5 од поднесениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик со членот 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој „Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните".

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе предложениот закон.

<u>**Точка 58**</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во предложениот член 51-б во ставот (5) се предвидува можност во отсуство или неможност за ангажирање на експертите за постојана поддршка, а врз основа на барањето од ставот (2) на овој член, Комисијата да изврши надзор согласно членот 40 од овој закон самостојно или заеднички со Советот.

Во контекст на предложената одредба, Владата упатува на одредби од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19), конкретно членот 40, каде е утврдено дека Комисијата го врши надзорот од членот 35 од овој закон со цел да се утврди законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникации од членовите 7 и 18 од овој закон, како и ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки.

Во продолжение на истиот член се предвидува дека Комисијата и акредитираните технички експерти, како дел од Комисијата, при вршење на надзорот, заради утврдување на законитоста на мерките од ставот (1) на овој член вршат споредба на податоците од членовите 41, 42 и 43 од овој закон, кои овластените органи, ОТА и операторите ги имаат во сопственост, ги поседуваат или генерираат. Комисијата заради утврдување на ефективноста од ставот (1) на овој член, на седница го разгледува годишниот извештај на јавниот обвинител на Република Северна Македонија за посебните истражни мерки, кој јавниот обвинител на Република Северна Македонија го доставува до Собранието на Република Македонија согласно со закон.

Понатаму, во членот 44 од Законот, се утврдува дека Комисијата го врши надзорот без претходна најава, по потреба, а најмалку еднаш во три месеци дури и во недостиг на мнозинство гласови. По извршениот надзор Комисијата изготвува извештај за извршениот надзор во кој се наведува дали е констатирано законско или незаконско постапување, односно дали постои злоупотреба во постапувањето. Во продолжение, се предвидува дека во случај кога во извештајот од ставот (2) на овој член се утврдува законско постапување, истиот се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, за што Комисијата ја информира јавноста. Во наведениот член, исто така е предвидено дека во случај кога при извршениот надзор ќе се утврдат неправилности или злоупотреби во постапката на спроведување на мерките за следење на комуникацијата утврдена со одредбите од Законот за кривичната постапка и одредбите од овој закон, како и повреда на кој било меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија, Комисијата е должна:
- во рок од 24 часа да го извести надлежниот јавен обвинител,
- во случај на повреда на личните податоци или човековите права ги известува соодветните надлежни органи,
- доколку е во можност и без наведување на конкретни податоци го информира Собранието на Република Северна Македонија,
- доколку е во можност и без изнесување на конкретни податоци ја информира јавноста.

Согласно член 51 од Законот за следење на комуникациите, Советот постапува по сопствена иницијатива или по претставка поднесена од граѓанин.

Доколку постапува врз основа на претставка поднесена од граѓанин, Советот е должен: веднаш да поднесе барање до Комисијата од членот 38 од овој закон, за да спроведе надзор согласно со членот 40 од овој закон со цел да се осигура дали телефонскиот број на граѓанинот е или бил незаконски следен во последните три месеци и да изврши надзор во ОТА и овластените органи.

Во продолжение на посочениот член се предвидува дека Комисијата врз основа на извршениот надзор доставува известување до Советот во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, во кое заради зачувување на доверливоста на мерките за следење на комуникациите, се наведува само дали во конкретниот случај е констатирана злоупотреба или не е констатирана злоупотреба. Во истиот член, во ставот (5), утврдено е дека надзорот во ОТА и овластените органи Советот го врши со претходна најава во ОТА и кај овластените органи, заради вршење на споредба на податоците од анонимизираните примероци на наредбите за потребите на надзор и контрола, за периодот од последните три месеци. Понатаму, се утврдува дека Советот согласно известувањето од Комисијата веднаш го известува граѓанинот кој поднел претставка, а доколку во случајот е констатирана злоупотреба, Советот веднаш го известува и надлежниот јавен обвинител.

Во случај кога Советот постапува по сопствена иницијатива надзорот го врши на истиот начин, и за извршениот надзор Советот ја известува јавноста.

Имајќи ги предвид цитираните одредби во кои се утврдени надлежноста и начинот на постапување на Комисијата, односно Советот за граѓански надзор, Владата цени дека вака предложената одредба од членот 51-б став (5) предизвикува дилеми и проблеми при нејзино имплементирање.

Во останатиот дел од предложениот закон Владата укажува дека текстот на Законот чие изменување се предлага е подготвен по одржани консултации и трибини на кои засегнатите учесници, како и законодавниот дом не истакнаа предлози, сугестии, ниту пак амандмани во делот на финансиските обврски.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе предложениот закон.

**Точка 59**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 16 од Законот за инспекциски надзор е предвидено дека Инспекциски совет (во натамошниот текст: Советот) е самостоен орган на државна управа со својство на правно лице, со седиште во Градот Скопје, со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

Советот за својата работа поднесува Годишен извештај за информирање до Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) и Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година.

Во однос на точка III.4.7 Мислење по однос на Интегрираниот извештај за државна реорганизација; Препораки за реорганизација на Инспекцискиот совет и Информацијата во врска со проектот ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација и Глава V. Заклучок по однос на истата точка ве известуваме дека се доставени дополнителни информации во врска со проектот ИПА 2017 „Поддршка на државната реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација.

Исто така, се укажува дека во 2020 година во рамките на Проектот во Инспекцискиот совет била спроведена хоризонтална функционална анализа и преку интервјуа во рамките на Советот биле прибрани потребните податоци.

Исто така, треба да се има предвид дека промената на Интегрираниот извештај е направена имајќи ги предвид компаративните анализи на некои од земјите членки на Европската Унија.

Во врска со предлогот Советот и инспекциските служби да бидат поставени надвор од министерствата, односно да бидат подредени на Владата, се укажува дека ова не е во линија на препораките на самиот проект и неговата цел во однос на поставување на јасни линии на отчетност.

Имајќи го предвид горенаведеното во однос на Годишниот извештај за работа на Инспекцискиот совет за 2022 година, Владата на Република Северна Македонија смета дека истиот треба да содржи податоци кои се во согласност со член 18 од Законот за инспекциски надзор, Надлежности на Инспекциски совет, посебно согласно став 1 алинеја 1) да ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, а не податоци и мислење за предлогот за реорганизација на Инспекцискиот совет согласно проектот ИПА 2017 „Поддршка кон реорганизација на државната управа".

**<u>Точка 60</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 36 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 232/22), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 април во тековната година, до Собранието на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на законските надлежности и за материјално финансиското работење. Согласно член 35 став (1) од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:
- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно упис во Регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас кои можат да вршат дејност во Република Северна Македонија,
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа и водни услуги,
- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и странски друштва кои вршат дејност во Република Северна Македонија,
- посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на даватели на водни услуги, остварен од давањето на водни услуги.

Пазарот на електрична енергија, во текот на 2022 година, забележа трендови што порано се немаа случено. Во текот на 2022 година, енергетската криза зазема значителни размери што влијаеше како врз производството така и врз потрошувачката на електрична енергија. Нето - потрошувачката на електрична енергија има значителен пад од 10,66%, што е резултат пред сѐ на намалената економска активност поради високите цени на електричната енергија, како и преземање на мерки за нејзино рационално користење.

Високите цени на електрична енергија беа мотив потрошувачите да разгледуваат различни алтернативи за обезбедување на електрична енергија што резултираше со инсталирање на голем број фотонапонски панели на постојните објекти, каде што дел од произведената електрична енергија се користи за сопствени потреби.

Беше воведена блок тарифа во пресметувањето на потрошувачката на електрична енергија, како клучна регулаторна реформа како одговор на енергетската криза, а врз основа на податоците дека во земјава 1% од потрошувачите трошат 20% од домашната произведена енергија.

Инсталираниот капацитет на обновливи извори се зголеми за 144,4 MW што никогаш претходно не беше случај. По целосната либерализација на пазарот на електрична енергија, во 2022 година, прв пат по две години уделот на потрошувачката на електрична енергија на слободниот пазар е понизок во однос на потрошувачката на електрична енергија на регулираниот пазар.

Во 2022 година беше укинат надоместокот за мрежарина при предавање на вишокот произведена електрична енергија од обновливи извори за домаќинствата и малите потрошувачи, во согласност со измената на Правилникот за обновливи извори на енергија што го донесе министерот за економија. Секое домаќинство што има фотонапонска централа до 6 kW како и сите мали потрошувачи кои што имаат ФЕЦ со инсталирана моќност до 40 kW може вишокот на електрична енергија да ја предадат во системот со цена од 0 денари за мрежарина. Целта на оваа регулаторна одлука беше да се искористи сончевиот потенцијал, а сметките за електрична енергија да се намалат.

Исто така, беше зголемен бројот на активни снабдувачи со електрична енергија, односно во 2022 година имаше 19 активни снабдувачи, додека во 2021 година беа 18. Нето - потрошувачката на електрична енергија, во 2022 година, изнесува 6.133 GWh, од кои потрошувачката на електрична енергија на потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем изнесува 643 GWh, во која е вклучена и потрошувачката на електрична енергија на електроцентралите кога не произведувале електрична енергија. Оваа потрошувачка на електрична енергија е намалена за 30,41% во однос на потрошувачката во 2021 година, која изнесувала 924 GWh, односно 32,78% во однос на 2020 година. Од податоците може да се заклучи дека во 2022 година има значителен пад на потрошувачката на електрична енергија кај директните потрошувачи споредено со 2021 година, што е резултат на кризната состојба кога дел од директните потрошувачи ги затворија своите производствени капацитети.

Потрошувачката на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електро дистрибутивните мрежи изнесува 5.490 GWh, што е намалување од 7,57% или 450 GWh во однос на потрошувачката на електрична енергија во 2021 година која изнесувала 5.940 GWh. Кај потрошувачката во електродистрибутивните мрежи се бележи пораст кај испораката на електрична енергија на регулираниот пазар од 1,79% или 66 GWh. Потрошувачката на електрична енергија кај потрошувачите кои се приклучени на електродистрибутивните системи, а се снабдуваат од снабдувачи на отворениот пазар, е намалена за 22,91% во однос на 2021 година, односно за 516 GWh. Во 2022 година е забележен значаен пораст на потрошувачи на електрична енергија кои инсталираат фотонапонски панели за производство на електрична енергија, за обезбедување на дел од сопствените потреби од електрична енергија, како и пораст на производители на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали.

Во текот на 2022 година со системот за пренос на природен гас, управуван од АД ГАМА Скопје, беа пренесени 280 милиони nm3, што претставува намалување по долгогодишниот постојан раст. Причина за падот во пренесените количества на природен гас е, пред сè, големиот пораст на цените на природниот гас на меѓународните пазари и големата ценовна неизвесност и нестабилност што ја одбележа 2022 година. Бројот на приклучоци на системот за пренос на природен гас во последните години е во пораст, започнувајќи од нешто повеќе од 30 приклучоци во 2010 година до 61 приклучок во 2022 година. Во 2022 година од вкупно 61 приклучок на системот за пренос на природен гас, 48 биле активни приклучоци.

Просечната увозна цена на природниот гас во 2022 година изнесувала 77,64 денари/nm3, односно 130 евра/MWh. Ова е значајно зголемување на цената во однос на претходната година за повеќе од четири пати, кога изнесуваше 15 денари/nm3 или 26 евра/MWh. Како и што се очекуваше, кон крајот на 2022 година заврши процесот на спојување на АД ГА-МА Скопје и НЕР АД Скопје во еден правен субјект.

На 30 декември 2022 година, двете друштва згаснаа и се основа ново Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, со што се создадоа услови да се отпочне процесот на сертификација на операторот за пренос на природен гас од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Во 2022 година беа одземени лиценците на БЕГ за производство, снабдување и дистрибуција на топлинска енергија, а обврската за скопјани да имаат парно ја презеде ЕСМ Енергетика, наместо Градот Скопје. Во периодот додека траеше операцијата на преземање на обврската имаше континуирана испорака на топлинска енергија.

Цените на суровата нафта во текот на 2022 година се зголемија како резултат на енергетската криза, војната во Украина, прекинати синџири на снабдување, зголемена инфлација и каматни стапки, како и тешкотиите во начините за снабдување со нафта и нафтени деривати. Цената на суровата нафта од типот Brent во 2022 година порасна за околу 10%, откако во 2021 година порастот беше 50%. Цената на американската сурова нафта WTI порасна за речиси 7% во 2022 година, по растот од 55 % во претходната 2021 година. Овие движења на двата клучни параметри на глобалниот нафтен пазар, следуваат после нивниот силен пад во 2020 година, предизвикан од намалената побарувачката за горива поради пандемијата од Ковид-19. Постоеше висока неурамнотеженост на цените на суровата нафта и на нафтените деривати во текот на 2022 година. Во март 2022 година имаше силен раст предизвикан од војната во Украина, со што се помести глобалниот тек на суровата нафта на светско ниво, при што Brent нафтата достигна 139,13 $/bbl, што е највисоко ниво од 2008 година. Во втората половина од годината, цените брзо се намалија, како резултат на чекорите преземени од централните банки за запирање на растот на инфлацијата, при што цената на нафтата Brent падна до 80 $/bbl на крајот на годината.

Трендот на движење на цените на суровата нафта и нафтените деривати на светските берзи, директно се рефлектираа и во носењето на одлуки за цени. Во текот на 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе 117 одлуки за определување на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Во текот на 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, согласно со овластувањата утврдени во Законот за енергетика* и Законот за енергетска ефикасност* донесе седум општи акти, седум акти од областа на енергетиката, два од областа на природен гас, три од областа на топлинска енергија и два од областа на нафтени деривати и одобри 18 правни акти на вршители на енергетска дејност, од кои 11 акти се од областа на електричната енергија и седум од областа на природниот гас. Во текот на 2022 година, Регулаторната комисија издаде 262 лиценци за вршење на енергетски дејности, од кои 244 за вршење на енергетска дејност од областа на електричната енергија, 14 од областа на природниот гас, три од областа на топлинската енергија и една од областа на нафтените деривати. Од вкупно 275 постапки за одлучување по приговори поведени пред Регулаторната комисија во 2022 година, 90 беа усвоени, 150 одбиени, отфрлени или запрени, а за 35 приговори постапката продолжи во 2023 година. Од вкупно 254 постапки за постапување по претставки пред Регулаторната комисија, по 185 беше постапено, а за 69 претставки постапката продолжи во 2023 година. До Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во текот на 2022 година беа доставени 16 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои две беа барања за информација со која Регулаторната комисија не располага и истите беа препратени до имателите на информациите. Финансиските средства потрошени за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со надлежностите од Законот за енергетика* и Законот за утврдување на цени на водните услуги и Годишниот извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2022 година изнесуваат 80.430.523 денари и се за 12,33% помали од планираните. Ова намалување е поради зголемената ефикасност во работењето, како и објективното и рационално управување со расположливите средства.

Вкупниот број на вработени на 31.12.2022 година изнесува 41 лице, од кои седуммина се членови на Регулаторната комисија за енергетика, 32 лица се во стручните и административните служби и двајца се вработени како помошно - технички персонал.

Регулаторната комисија во 2022 година доби признание за најдобар регулатор, петта година по ред од страна на Секретаријатот на енергетската заедница поради стручноста и беспрекорноста во работењето и реализирањето на европските таргети и реформите кои донесоа валоризација на работата од Енергетска заедница, а особено во однос на независноста, автономноста и интегритетот, поради што Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2022 година.

**Точка 61**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.2410/19, за Заклучок за прва усна јавна продажба и Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65 за КО Шивец, Имотен лист бр.691 за КО Шивец и Имотен лист бр.4 за КО Дреново.

**Точка 62**

**1.** Владата го разреши Ристе Недески од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор - Охрид, на негово барање.

**2.** Владата ја именува Радмила Нејкоска за вршител на должноста директор на КПУ Затвор - Охрид и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го именува Никица Бачовски, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата, за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 63**

**1.** Владата на предлог на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта да го преведе Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово – Гостивар - Букојчани и Требениште – Струга - Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп - Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година и да го достави до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

**2.** Владата ја одложи од разгледување Пријавата за настанатата материјална штета, предизвикана од невремето кое го зафати Делчево на 8.6.2023 година, поради потребата предлагачот да достави комплетен извештај со пропратни материјали и истиот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 6.6.2023 година до 12.6.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на попис на земјоделството во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Државниот завод за статистика да го спроведе пописот на земјоделството во март 2024 година.

2) Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како предлагач на Законот за попис на земјоделство, да го достави предлог - текстот на законот до Владата, заклучно со јули 2023 година.

3) Се задолжува Министерството за финансии со ребалансот на Буџетот за 2023 година да ги обезбеди потребните финансиски средства, кои ќе бидат потребни на Државниот завод за статистика за набавка на рачно преносливи компјутери - таблети и обезбедување на Cloud простор за потребите на пописот на земјоделство, во висина од 61,5 милиони денари.

4) Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните финансиски средства за подготовка, спроведување, обработка и објавување на податоците од пописот на земјоделство во буџетот на Државниот завод за статистика за 2024 година.

5) Се задолжува Државниот завод за статистика да ги направи сите организациски, стручни и технички активности, кои се неопходни за успешно спроведување на пописот на земјоделство во март 2024 година.

6) Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и сите релевантни институции во државата поврзани со областа, да се стават во функција на квалитетна подготовка и спроведување на пописот на земјоделство.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот завод за статистика, за наредната седница на Влада, да достави план за користење на рачно преносливите компјутери – таблети, по одржувањето на пописот.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 8 јуни 2023 година до 14 јуни 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 64**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2022 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2022 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 - 2023 година, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за реализираните активности во 2022 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021 - 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје за период од 1 јануари до 31 март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт А.Д. – Скопје, за периодот 1 октомври – 31 декември 2022 година, со прилози, како материјал за информирање.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.10.2022 година до 31.12.2022 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје под бр.02-2351/12 од 11.4.2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 72

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ - Скопје.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Шеесеттата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26.7.1963 – 26.7.2023), со Предлог - програма и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура преку своите национални установи да ја реализира Предлог - програмата за одбележување на Шеесеттата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје ( 26.07.1963 – 26.7.2023).

2. Формира работна група за логистичка поддршка на настаните од Програмата во состав:
- м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија
- Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- м-р Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија,
- Хавуше Лесковица Исмаили, шеф на Кабинетот на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.
- претставници од Министерството за надворешни работи,
- претставници од Државниот архив на Република Северна Македонија,
- претставници од Собранието на Република Северна Македонија.

За оваа цел, потребно е Министерството за надворешни работи, Државниот архив на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија да номинираат свои претставници до Министерството за култура.

## Точка 74

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство за наредната седница на Владата, поради потребата работна група координирана од Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за здравство и Секретаријатот за законодавство и други надлежни институции да изнајде начин за вработување, односно пополнување на ослободените работни места во Министерството за здравство.

## Точка 75

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион" и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион", за наредната седница на Владата поради потребата текстот на материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за стратешки инвестициони проекти, како и потребата писмени мислења по материјалот да достават Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Комисијата за заштита на конкуренцијата, АД Електрани на Северна Македонија и АД МЕПСО.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници по повод поведена арбитражна постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот во врска со избор на меѓународна адвокатска куќа и тоа:

Во арбитражната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа White & Case LLP.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од три дена да ја информира адвокатската куќа дека е избрана за правен застапник во арбитржната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори

и инвестиции во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа White & Case LLP да го застапува Министерството за здравство во арбитражна постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH и за тоа во рок од 14 дена да ја информира Владата.

4. Се задолжува Министерството за здравство да номинира контакт лице кое ќе биде вклучено во комуникацијата во врска со наведената арбитражна постапка.

5. Се задолжува Министерството за здравство да ги предаде сите списи по предметот на избраната адвокатска куќа со цел успешно спремање на одбраната.

**Точка 77**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, со предлог-решение (проект) за завршување на објектот, изготвен од страна на изведувачот, со прилози, поради потребата предлагачот да обезбеди мислења од Министерството за финансии, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Бирото за јавни набавки.

**Точка 78**

Владата го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 19 јуни 2023 година со Записник од Петтата седница на Групата за процена, одржана на 15 јуни 2023 година, со Предлог - одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 19 јуни 2023 година.

2. Се задолжува Групата за процена, по завршувањето на прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Гази Баба на кое КПУ Идризово ја врши својата надлежност, повторно да ја процени состојбата и да го запознае Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи со процената.

3. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија.

4. Периодот за постоење на кризна состојба заради справување со поплавите и последиците од нив е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 20 јуни 2023 година.

5. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

6. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од инженерските единици на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во поддршка на општините Делчево и Крива Паланка за справувањето со кризната состојба.

7. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за постапките за вработување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 14 дена да подготви предлог за изменување и дополнување на Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во насока на тоа, Министерството за финансии да не дава известување за обезбедени финансиски средства за вработување на лица на неопределено и определено време и склучување на договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи.

2. Се задолжуваат министерствата во рок од 14 дена да направат анализа на законите кои се во нивна надлежност и да направат соодветни измени доколку е уредено дека постапките за вработување се спроведуваат по претходно добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.
3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 14 дена, да предложи соодветно решение со кое Законот за трансформација во редовен работен однос да се стави вон сила, согласно иницијативата на Државната комисија за спречување на корупција.

**Точка 80**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 81**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година, со Предлог - одлука и прилози за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 82**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“–Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2023/2024 година, со прилози, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 83

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јуни 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 26.6.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јунските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.6.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.6.2023 година (вторник);

- за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.6.2023 година (среда);

- за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 29.6.2023 година (четврток) и

- за пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 30.6.2023 година (петок).

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на датумот за затворање на Проектот за надградба и развој на патиштата, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за финансии, веднаш да испратат заеднички допис до Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за продолжување на датумот за затворање на Проектот за надградба и развој на патиштата до 30.9.2025 година и истовремено да известат дека износот на дополнителни средства, кој би бил потребен за затворање на финансиската структура на Проектот, т.е. за финансирање на непредвидените работи, ќе биде обезбеден од страна на Јавното претпријатие за државни патишта во наредниот период, а по однос на изворот на средствата ќе се достави дополнително известување до Банката.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од десет дена по добивање на официјално известување за одобрување на апликацијата за обезбедување на ВБИФ инвестициски грант за овој проект, да достави нова информација до Владата за потребата од затворање на финансиската структура на Проектот.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за превод на Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требениште - Струга - Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп – Битола, ја усвои Информацијата и даде согласност на Јавното претпријатие за државни патишта Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требениште - Струга - Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп – Битола да го достави до Друштвото за друго образование на возрасни и консалтинг услуги „Академија“ Ц.Е.С ДООЕЛ Скопје со цел да изврши превод на истиот.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација, Скопје, ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година, на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“, Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација, Скопје во вкупна вредност од 124.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 24.000.000,00 денари во 2023 година и
- 100.000.000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство средствата да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2024 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, до конечна реализација на набавката.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги МБ Биоцентрум ДООЕЛ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги МБ Биоцентрум ДООЕЛ - Скопје.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за донесено Решение за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз - извоз ДОО, с. Сопот, Кавадарци, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз - извоз ДООЕЛ-Битола.

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз - извоз ДООЕЛ Битола.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО - Кочани, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО – Кочани.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Агропролифе ДОО - Струмица, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Агропролифе ДОО – Струмица.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**